Архивски број: 08-347/4
03.07.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-702/1 од 29.09.2025 година поднесена од --- од ---, државјанин на --- , за дискриминација сторена од страна на ---, со седиште на --- во --- , врз основа на етничка припадност, јазик и националност во областа на пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето --- од ---, државјанин на --- врз основа на етничка припадност и националност во областа на пристапот до добра и услуги, сторена од страна на ---.

**СЕ УТВРДУВА ПОВТОРЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон лица --- и од различна ---, сторена од страна на ---, врз основа на етничка припадност и националност во областа на пристапот до добра и услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 29.09.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-702/1 од страна на --- од ---, државјанин на ---, за дискриминација извршена од страна на --- (понатаму во текстот: "---"), а врз основа на етничка припадност, јазик и националност во областа на пристапот до добра и услуги.

Во претставката подносителот наведува дека на --- година околу 10-11 часот наутро одел во --- и сакал да се одмори и да се напие кафе. Бил жеден и уморен, го видел кафулето --- кое било речиси празно па влегол и седнал на една од празните маси. Кратко потоа други клиенти пристигнале и седнале надвор. Келнерот ги услужил прво нив иако тој пристигнал пред нив поради што помислил дека можеби не го видел па не се пожалил. Кога келнерот конечно дошол кај подносителот, нарачал кафе, но тој му одговорил дека сите маси се резервирани, со посочување дека било се зафатено и во надворешниот дел на кафулето. Ова за подносителот било шокантно и му звучело невозможно затоа што кафулето било големо и речиси целосно празно во недела наутро. Откако си заминал ги проверил рецензиите на Google Maps за --- и открил многубројни поплаки конкретно од --- кои искусиле идентичен дискриминаторски третман. Воочил дека --- кои студирале на --- во --- редовно се соочувале со таква дискриминација. Исти вакви рецензии за дискриминаторски третман воочил и за другата филијала на --- во ---. Упатува Комисијата да оствари

разговор со --- како би се воочила системска дискриминација кон --- а не само изолирани, поединечни случаи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.10.2025 година се обрати со барање број 08-702/2 за добивање на доуредување на претставката поднесена од лицето --- со оглед дека истата беше доставена по електронски пат до Комисијата и истата не беше потпишана од именуваниот. По ова на 10.10.2025 година на електронската адреса на Комисијата доставено е бараното доуредување од страна на подносителот, односно поднесената претставка беше уредно потпишана како би се потврдила намерата на именуваниот за иницирање на постапка пред Комисијата и би се отстраниле процесните пречки за постапување, а во согласност со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На 27.03.2026 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-347/1 до --- заради добивање на произнесување по наводите во претставката поднесена од лицето ---, државјанин на ---. На 03.04.2026 година до Комисијата е пристигнат одговор по наводи од претставка доставен од --- преку полномошник адвокат --- од ---.

Во одговорот се наведува дека претставката на подносителот била во целост неоснована од причина што правното лице против кое е поднесена се занимавало со главна дејност – --- две локации во Општина --- а својот принцип на работа го определувал и одредувал тимот на менаџери и одговорното лице во правното лице. Принципот на работа бил усогласен согласно потребите и можноста на работа на вработени во --- објекти и можноста за прием на гости согласно расположливиот инвентар на локалот со точен број на маси и столови и со претходно резервирана маса. Според наведеното, во угостителскиот објект --- во своето долгогодишно работење имало вработени од сите националности и во истиот настапувале артисти од различни националности, раси и припадности, како и фактот дека локалот бил секојдневно посетуван од македонци, турци, власи, роми, срби, албанци и други. Неосновано во претставката се наведувало дека во угостителскиот објект се одбивал влез на турци и не им се земале нарачки и дека имало дискриминација по национална основа.

Врз основа на наводите истакнати во претставката и произнесувањето по истата Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е сторена директна дискриминација кон подносителот ---, државјанин на --- од страна на ---, врз основа на етничка припадност и националност во областа на пристапот до добра и услуги, а онака како е тоа утврдено со член 8, став 1 од од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *"Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*, а во корелација со член 5 од овој закон според кој "*се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна*

*состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа".*

Имено, утврдениот дискриминатор во одговорот по наводите на претставката не истакна докази од кои Комисијата можеше да утврди состојба различна од опишаната во претствката, односно не достави докази од кои би било видно дека не го сторил актот на опишаната дискриминација. Комисијата не можеше да положи верба на наводите во одговорот дека низ долгогодишното функционирање на локалот имало вработени од различни националности, раси и припадности и дека бил посетуван секојдневно од македонци, турци, власи, роми и други од причина што утврдениот дискриминатор не достави ниту еден доказ во поткрепа на ваквиот навод. Дотолку повеќе што Комисијата во неколку наврати до сега, постапувајќи по претставки против наведеното правно лице има утврдено сторена дискриминација од негова страна кон припадници на различни етнички заедници па оттука може да се констатира и дека дискриминацијата од страна на наведеното правно лице има елементи на повторена дискриминација онака како е опишана со член 4, став 1, точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој *"повторена дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи"*, а како потежок облик на дискриминација утврдено со член 13 од истиот закон. Со ваквото постапување на лицата припадници на различни етнички заедници и од различна националност им се оневозможува еднаков пристап до добрата и услугите кои ги нуди наведеното правно лице.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ova мислење, па во согласност со член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, ги донесе следните:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** менаџерскиот тим и одговорното лице во правното лице - - --, во иднина да се воздржат од превземање на било какви дејствија кои ќе значат нееднаков или ограничен пристап до добра и услуги на лица од различни етнички групи и со различна националност како би се спречило нивно понатамошно дискриминирање.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** менаџерскиот тим и одговорното лице во правното лице - - --, да организира и спроведе обука за спречување на нееднаков третман на лицата потенцијални корисници на услугите кои ги нуди и дава друштвото, која ќе биде наменета за сите вработени и за истото **писмено да ја извести Комисијата во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење.**

Доколку --- не постапи во согласност со дадените препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
29.06.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- Архива на КСЗД